Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

СЕКТОР ЗА ВОДИ

Арх.бр. /Nr. Arh.11-672/2

ДО/DERI TE: Валентина Милошевска
Ул. 101 бб с. Старо Село
Општина Јегуновце

ПРЕДМЕТ/LËNDA: известување на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Të nderuar,

Во врска со Вашето барање на информации и податоци согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Секторот за води при Управата за животна средина ги разгледа доставените прашања и согласно Законот за водите (Сл.Весник на РМ број бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14,1 46/15 и 52/16) Ве информира за следното:

Во врска со прашањето кое се однесува на превземени активности против загадувањето на водите за пиење во с. Старо Село, Општина Јегуновце, Тетово за периодот 2019 и 2020 година, и тоа во случај кога во водите навлегуваат или постои можност да навлезат приоритетни опасни материи и супстанции, отровни и штетни или загадувачки материи и супстанции или отпад, Ве известуваме дека министерството согласно утврден инспекциски наодзор превзема активностиот за постапување со цел спречување на влегување на такви материи и супстанции и отпад и


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

одстранување и одлагање на материите и супстанциите кои предизвикале влошување на состојбата на изворишетто за снабдување. Во таа насока, Ве известуваме дека општината преку формираното ЈКП кое задолжено за снабдување со исправна и безбедна вода за пиење е должно навреме да ги превземе сите мерки и да утврди потреба од донесување на санитарни заштитни зони на водата за пиење со точно дефинирани мерки и активности на заштита. Водното тело кое што се се користи за снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот се заштитува преку воспоставување и одржување на потесна или зона на строг санитарен надзор и една или повеќе пошироки заштитни зони. За таа цел согласно чл. 96 (2) од Законот за водите, општините можат да укажат на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, за потребата од определување на заштитна зона, каде Одлуката за потребата од определување на заштитна зона, ја донесуваат советот на општината.

Во врска со подготовка на извештаии за заштита од штетно дејство на водите во Општина Јегуновце за бараниот период од 2019 - 2020 и предвидени за 2021 година Ве известуваме дека, Минстерството за животна средина и просторно планирање нема донесена Програма за заштита од штетно дејство на водите за целата територија на државата за наведените години. Имено, согласно Законот за водите, Минстерството за животна средина и просторно планирање во соработка со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, изработува Програма за заштита од штетно дејство на водите. Оваа програма се подготвува врз основа на доставени програми на советот на општините и врз основа на програмата на водостопанството. Имајќи предвид дека такви програми не беа доставени од надлежните институции, министертсвото за горе наведените години нема подготвена целосна Програма, а врз основа на која ќе треба да постапи по чл. 143 од законот и да се извести јавноста за спроведените активности.

Исто така, потребно е да се има во предвид дека заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејства на водите. За заштита и одбрана од поплави и за заштита од

друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја надлежни се општините, а правните лица кои управуваат со водостопанствата се надлежни за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во подрачјето на нивното дејствување, вклучително и уредување и одржување на коритата и каналите во нивното подрачје.

Во однос на Вашето барање за достава на Водостопнската основа на РМ, Ве известуваме дека овој плански акт е донесен во 1973 година и истиот е подготвен од страна на тогашното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и е подготвен во хартиена верзија. Од таа причин не сме во можност да Ви ја доставиме.

Со почит,

Me respekt,

Директор на Управата за животна средина
u.d. Drejtor, Drejtorisë për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Љупка Д.Зајков
Одобрил/Aprovoi: Ylber Mirta


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk